# ЛУ (ИЛИЈА) ВЛАШО – ПОЗНАТ АМЕРИКАНЕЦ, БИЗНИСМЕН, ХУМАНИСТ И ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



**ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА МАКЕДОНКИТЕ ВО САД**

***Лу Влашо (Lou Vlasho) е роден Американец, но Македонец по потекло од селото Брезница, Леринско, во егејскиот дел на Македонија. Тој е интелектуалец, бизнисмен, хуманист, познат и признат во американското општество, како и почесен конзул на Република Македонија за Флорида. Тој е познатиот Американец кој даде значителен придонес за македонската каузи и го посвети својот живот во служба на човечкото општество.***

Лу Влашо иако е роден Американец, меѓутоа, неговата љубов кон прадедовската земја-Македонија е голема и е вкоренета од воспитувањето што го добил од неговите македонски родители кои го напуштиле родното село Брезница, Леринско и емигрирале во САД, големата земја, за подобри можности за своето семејство.

Селото Брезница од каде му се корените на семејството на Лу - Илија, како родителите и блиските роднини го викаа. Тоа се наоѓа на околу четириесетина километри на западната страна од Лерин кон албанската граница. Тоа е чисто македонско село и е на северозапад од селата Смрдеш и Б’мбел, недалеку од градот Билишта во Албание. Во него имало 120-тина куќи, кои, за жал денес се празни зјапаат и зборуваат за големата тага на Македонците од Брезница кои од многу причини се преселиле за секогаш во различни земји по светот.

Лу Влашо, пак, е роден на 26.05.1937 година во Кентон, Охајо. Тој е син на Зозо Е. и Атина (Тина од фамилијата Малта). Лу Влашо со сопругата Јан ги имаат децата: Винсент Тод Влашо и Стивен Луис Влашо. Инаку, Кентон, каде Лу Влашо е роден и го помина своето детство е сместен на околу стотина километри јужно од Кливленд и триесеттина километри јужно од Акрон во североисточен Охајо. Според пописот во 2010 година, бројот на населението бил 73.007, со што Кантон според бројот на жители е осми меѓу градовите во Охајо.

Кентон е главно познат по тоа што 25-тиот американски претседател Вилијам Мекинли ја спроведе познатата кампања, што го освои претседателството во Соединетите Американски Држави на изборите во 1896 година. Исто така, градот е познат по Националниот меморијал центар „Мекинли“ и Претседателската библиотека и музеј „Вилијам Мекинли“, кои го одбележуваат неговиот живот и претседателствување. Кантон бил избран и за Националното историско место на Првите дами, главно, во чест на неговата сопруга Ида Сакстон Мекинли.



*Мајката на Лу Влашо, фамилијата Малта во селото Брезница*

Лу Влашо го завршил своето образование во неговиот роден град Кантон и дипломирал Сметководство на Универзитетот Охајо во Охајо, лоциран во местото Атина Охајо, во 1959 година. Во својата кариера имал различни позиции за управување со финансии и управување со системот „Хобарт Корпорацијата“, Троја, Охајо, 1959-1982, а бил

потпретседател и контролор од 1982-1984 година. Бил помлад потпретседател на „Голд Бонд, АД, Грин Беј“, во Висконсин од 1984-1986година. Потоа бил уредник на „Водичот за сметководствено управување“ во 1983 година. Инаку, во политиката, тој а член на Републиканската партија, а по религија припаѓа на Методистичкта христијанска црква и голем познавач  на Библијата. Како и на Стариот и Новиот Завет.

Во период од педесетина години Лу Влашо бил на високи позиции во бројни компании и различни организации во повеќе држави на САД. Во исто време Влашо бил силен поборник за независноста на Македонија . Меѓу другото, тој помогна во олеснување на програмите за стипендии на Универзитетот во Охајо, кои им овозможија на бројни македонски студенти, кои добија стипендија, во САД. која донесе бројни македонски студенти кои добија стипендии во САД. Неговата визија за менторство на овие студенти помогна тие да се интегрираат во американското општество и да бидат еден вид амбасадори за Македонија.

Иако, тој го посвети најголемиот дел од животот на неговата кариера и служба во американската заедница, тој никогаш не ја заборави татковината на своите родители - Македонија. Затоа, Лу Влашо беше силен поборник за независност на Македонија, признание по државата што прогласи независност и патот кон членството во НАТО.



*Лу Влашо со неговиот пријател Борис Трајковски*

Лу Влашо како методист по религија беше близок пријател на починатиот македонски претседател Борис Трајковски исто така методист. Тие како религиски истомисленици помогна во ширењето на визијата на Претседателот за Светската конференција за

градење дијалог меѓу религиите во Македонија и во светот, која трае до денес. Повеќе од една деценија, Влашо беше активно вклучен во Годишниот национален молитвен појадок (НПБ) во Вашингтон, Д.Ц. и беше инструмент во воспоставувањето на Појадокот за гостите од Балканот. Заедно со неговиот личен пријател и поранешен сенатор од Охајо, George Воинович, тој беше ко-претседател на овој сега годишен ручек, на кој присуствуваат над 100 лица годишно од Балканот.

Во знак на благодарност на Лу Влашо за неговиот ангажман за работата и напредокот на македонската кауза, Владата на Република Македонија го назначи за почесен конзул на Република Македонија во Соединетите Американски Држави во 2007 година. Почесниот конзулат беше отворен во Нејпл, Флорида, во февруари 2008 година. Таа е годината во која Лу Влашо беше награден со специјалниот крст на „Свети Станислав“ за добротворни услуги.

Исто така, Лу Влашо е почесен член на Советот на организацијата „Обединета македонска дијаспора“ (ОМД), за неговиот придонес, особено помагајќи во развојот на првиот пратеник на Конгресменската пратеничка група за Македонија и проширување на македонско-американците односи, како и добивање на потребната поддршка од Конгресот за членство на Македонија во НАТО.

Лу - Илија, како родителите и блиските роднини го викаа, има огромна љубов кон Македонија, со што неговиот позитивен став и подготвеност е да помогне на неговата дедовска земја. Тоа особено го прави преку Хуманитарната организација „Хабитат“, која работи многу успешно во Македонија.




*Лу Влашо постана почесен конзул на Република Македонија*

Тој е почесен член на одборот на „Хабитат за хуманост во Македонија“, кој обезбедува едноставни, пристојни и достапни решенија за домување за оние кои живеат во сиромаштија. Благодарение на заложбите на Лу Влашо, во 2008 година, округот Колиер (Флорида) „Хабитат за хуманост“ потпишал партнерство со „Хабитат за хуманост“ од Македонија.

Инаку, „Хабитат-Македонија“ е невладина и непрофитна организација посветена на обезбедување едноставни, пристојни и пристапни решенија за живеалишта на оние што живеат во услови на сиромаштија, без разлика на нивната етничка, полова и религиозна припадност. На тој начин тие им овозможуваат напуштање на условите на сиромашна животна средина и подобрување на квалитетот на нивниот живот.



*Орден „Свети Станислав“ за Лу Влашо*

На оваа група сиромашни лица „Хабитат-Македонија“ им обезбедува експертиза за градба како и градежни материјали што ќе им овозможи поседување на сопствено живеалиште по отплаќањето на бес каматниот кредит.

Во настојувањето да го збогати и подобри животот на сиромашните, т.е. нивниот партнер - семејства и нивните заедници, сите здружени во оваа мисија се водени од четири суштински вредности - Посветеност, Почитување, Интегритет и Надзорство (грижа).

Во податоците во историјата на Лу Влашо  е забележано дека неговата прва сопруга починала по триесет и осум години брачен живот.

По смртта на неговата сопруга Џанет, Луј се сретнал со неговата втора сопруга Патриша (Пети), позната американска активистка на хуманитарен и општествен план. Патриша и Луј се личности за почит и пример. Тие се гостоприемвливи, разговорнии и многу се интересираа за состојбите во Македонија, особено за Егејска Македонија.

Лу Влашо е жител во Нејплс од 1989 година. Таму престојува со сопругата Патриција (Пети), во заливот Пеликан, на Флорида, а од скоро време се преселија во центарот на градот. Лу и Патриша се членови на Обединетата методистичка црква на Северен Нејплс. Лу има два сина, Винс кој е дипломиран на поморската академија на Соединетите држави, а во моментов живее во областа Вашингтон со сопругата Џери двете ќерки, Меган и Алексис, а другиот син Стив, дипломиран на Државниот универзитет во Охајо, кој живее во областа на Лос Анџелес со неговата сопруга и двата сина Џексон и Рикер. Ќерката, пак,  на Патриша, Ерика, живее во Њујорк со својата ќерка Бритиани.

За авторот на овој текст Славе Катин ќе остане во сеќавање средбата со Луј Влашо во ресторанот „Вергина“ (Кутлеш, Палатица) во Нејплс, во хотелот на кој пред повеќе години менаџер беше токму Луј Влашо, кога и за прв пат се сретнаа. Хотелот е еден од интересните објекти и се наоѓа во центарот на градот, на главната улица, а ресторанот „Вергина“ е дел од луксузниот хотел на македонскиот бизнисмен Ристо Гуштеров. Во ресторанот на еден од ѕидовите е насликата битката на Ис, каде Александар Македонски (Велики) ја извојува голема победа против персискиот цар Дариј. Ресторанот бил крстен по македонски 16-крако Снонце од Вергина.

Таа средба со Џорџ Атанасовски во „Вергина“ пред десет години, беше во македонски амбиент под македонското сонце, кога се договоривме со бизнисменот Атанасоски  да напишам монографија за неговиот живот и дело во САД и во Македонија.

Според договорот јас подготвив две изданија на професионални монографии кои се лика и прилика за најзначајните дела што овој бизнисмен ги постигнал на сите полиња. Истовремено монографиите се огледало за него и гордост за Македонија исполнети со материјали од античко до денешно време. Сличен, или идентичен разговор во истиот ресторан водев и со Луј Влашо.

Втората средба со Лу Влашо беше пред две години повторно во ресторанот „Вергина“. Всушност бевме договорени да се сретнеме со Лу Влашо, со Џорџ Атанасоски и неговата Марија, како и со поранешниот директор на списанието „Македонско сонце“, Елизабета Андоновска. Средбата беше многу срдечна, пријателска, македонска. Разговаравме за многу работи кои се однесуваат на збиднувањата, напредокот и иднината на македонските иселеници, македонската вистина и за Македонија.

По разделбата со Џорџ Атанасоски, ние со Луј појдовме во неговиот дом кој се наоѓа во непосредна близина на хотелот „Хилтон“, каде јас престојував неколку дена. Во луксузната вила на Лу се сретнав со неговата сопруга Патриша, позната американска активистка на хуманитарен и општествен план. За Патриша (Пети) и Луј со право се вели дека тие се личности за почит и пример од кои можат и треба да се огледаат и други Американци од македонско потекло.


**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**